**20250300711**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

### 1. ВОВЕД

Проблемите во менталното здравје стануваат се поочигледни во светот. Тие претставуваат сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски после-дици по поединецот, семејството и општеството во целост.

Околу 20% од вкупниот број на пациентите во примарната здравствена заштита имале едно или повеќе ментални заболувања. До 2026 година се очекува процентот на менталните заболувања да се зголеми до 50 %.

Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различни субјекти во општеството, во чија надлежност се ресорни институции и установи, со особен акцент на социјалниот сектор.

Значаен момент е и трендот на сè поголем број случаи на суицид во Република Северна Македонија.

Застапеноста на состојбите на менталното здравје е висока и драматично се зголеми од периодот на пандемијата со КОВИД-19 и нејзините социоекономски последици. Стигмата поврзана со менталните здравствени состојби исто така останува на многу високо ниво. Поединците и семејствата погодени од состојби на ментално здравје се рутински дискриминирани, а нивните права како граѓани и корисници на јавни здравствени услуги најчесто се прекршуваат. Вкоренетата стигма негативно влијае на политиките и распределбата на ресурсите, здравствените практики кои ги прекршуваат човековите права, како и ставовите на јавноста, карактеризирани со виктимизација и социјална исклученост.

Менталните заболувања може да предизвикаат сериозни нарушувања на речиси сите димензии од животот на една личност, вклучувајќи го образованието, работата, семејните и социјалните аспекти. Заради тоа, одговорот на овие потреби треба да ги покрие сите овие димензии и да биде испорачан од мултидисциплинарна услуги. Ваквата балансирана грижа има потреба од развиен систем кој е заснован на заедницата, која вклучува услуги добиени каде што луѓето живеат, учат, работат, основаат семејства и воспоставуваат социјални односи.

## 2. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Актуелниот систем за ментално здравје во Република Северна Македонија се состои од болнички систем со психијатриски болници кои главно се во незадоволителна состојба и служби за ментално здравје во заедницата, кои првично беа воспоставени во рамките на проектот на Светската здравствена организација (СЗО) за ментално здравје 2000-2008 година. Реформата на системот за ментално здравје беше иницирана во 2000 година преку поддршка од Светската здравствена организација (СЗО) и се фокусираше на развој на систем за грижа за ментално здравје заснован на заедницата. Во периодот 2008-2017 година, реформските процеси беа прекинати со намалување на услугите за ментално здравје и натамошно зајакнување на болничкиот ориентиран систем за ментално здравје.

Значаен поттик на реформски процеси е Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Северна Македонија 2018-2025 усвоена од Владата во 2017 година, во која се идентификувани следните приоритетни полиња:

- децентрализација;
- намалување на психијатриските болници;
- градење на капацитетите на медицинскиот персонал во центрите за ментално здравје во заедницата;
- создавање на одржлив финансиски систем за менталното здравје на заедницата (во понатамошниот текст ЦМЗ);
- воспоставување на стандардизиран систем за следење и евалуација

Во септември 2020 година, Светската здравствена организација (СЗО) и Фондот за децата на Обединетите нации (УНИЦЕФ) потпишаа иновативна “Заедничка програма за ментално здравје и психосоцијална добросостојба на децата и адолесцентите“ за периодот од 2020 до 2030 година. Почнувајќи од 2023 година, Република Северна Македонија е еден од учесниците во Заедничката програма врз основа на селекцијата направена од главните канцеларии на СЗО и УНИЦЕФ.

## 3. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА, ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИ

3.1 Згрижување и лекување на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд „задолжително лекување и чување во психијатриска установа“.

Во психијатриските болници се лекуваат околу 200 лица со изречена судска мерка. За овие пациенти, болниците не се во можност да обезбедат средства и согласно Законот за извршување на санкциите, трошоците за здравствената заштита на овие лица ги обезбедува Министерството за здравство преку соодветна програма.

Пациентите кои се со изречена мерка од суд „задолжително лекување и чување“, се лекуваат и згрижуваат во трите психијатриски болници и тоа: околу 70 пациенти во Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар, околу 70 пациенти во Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“-Скопје и околу 50 пациенти во Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Негорци“- Гевгелија.

Со оглед на фактот дека бројката на лицата со изречена мерка од суд „задолжително лекување и чување“, не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените и затоа е можен трансфер на средствата од една во друга позиција.

3.2 Обезбедување на партиципација за дневно болничко лекување на пациенти во Центрите за ментално здравје Во Република Северна Македонија околу 750 душевно болни пациенти се лекуваат дневно-болнички во Центрите за ментално здравје

Воспоставените Центри за ментално здравје ги структурираат и ги насочуваат процесите на деинституционализација и ресоцијализација на лицата со ментални болести, особено на оние што долготрајно биле хоспитално третирани. Визијата на психосоцијалната рехабилитација е да обезбеди целосно враќање на менталниот пациент во општеството преку надминување на старите азилни сместувања, воспоставување сеопфатни служби за ментално здравје во заедницата, сензибилизација на локалните носители на одлуки, создавање нови правни решенија, вклучување и активирање на ресурсите од заедницата, вклучување на семејствата во процесот на рехабилитација и развивање индивидуални програми за рехабилитација во соработка со корисниците.

Центрите за ментално здравје во заедницата нудат бази каде што локалните тимови може да:

- ги проценат потребите во однос на здравствената и социјалната заштита;
- спроведуваат индивидуални планови за психосоцијална рехабилитација;
- обезбедуваат психоедукација;
- обезбедуваат професионална реедукација;
- водат други програми за ресоцијализација и реинтеграција во општеството на лицата со ментални болести.

### 3.3 Развој на Центрите за ментално здравје како вонинституционална форма на лекување

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, душевните растројства добиваат хроничен тек, т.е периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

Поради наведените состојби, третманот на овој сериозен социо-медицински проблем беше скоро целосно препуштен на медицинските, т.е психијатриските институции и се одвиваше на товар на здравството и здравственото осигурување, давајќи скромни резултати и придонесуваше долготрајно болнички третираните лица да бидат дополнително стигматизирани, маргинализирани и социјално исклучени. Ваквата хоспитализација предизвикуваше и дополнително влошување на здравствената сосотојба.

Следејќи ги и препораките на Светска здравствена организација, во Република Северна Македонија се пре-мина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатен дневно-болнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, на-времено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во план е и отварање на нови Центри за ментално здравје во Кичево и Битола, кои ќе функционираат во соработка со Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар, Центар за ментално здравје во Штип кој ќе функционира во рамки на Јавна здравствена установа Клиничка болница Штип, како и отварање на Центар за ментално здравје за млади лица. Овие активности се во надлежност на Министерството за здравство и не побаруваат финасиски средства.

## 4. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цели на оваа програма се:

- обезбедување на здравствена заштита и згрижување на пациентите со изречена мерка од надлежен суд „задолжително лекување и чување“,
- обезбедување на здравствена заштита на близу 750 пациенти кои се лекуваат во Центрите за ментално здравје низ републиката
- развивање на различни форми на вонинституционално и вонболничко лекување,
- да се интензивира имплементирањето на Национална стратегија за унапредување на менталното здравје во Република Македонија септември 2018 - 2025 година со Акциски план (септември 2018 – 2025),
- проширување на просторните капацитети во центрите за ментално здравје, кои имаат потреба од истото (на пример во центрите во Тетово, Гевгелија и во Демир Хисар),
- континуирана едукација на персоналот во сите ЦМЗ и унифицирање на нивната работа во целата држава, како и ангажирање дополнителен специјализиран персонал кој е мотивиран да работи со проблематиката околу менталното здравје во заедницата и да поддржува редовни активности за ресоцијализација и реинтеграција во општеството на лицата со ментални болести,
- подготовка на унифицирани протоколи и упатства за функционирање на центрите за ментално здравје, коишто ќе бидат подготвени од национални експерти и одобрени од Министерство за здравство,
- континуирана едукација на здравствениот персонал од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) со цел унапредување на знаењата околу менталните болести, едукација на лицата со ментални болести и нивните семејства, како и намалување на стигмата. Иако постои функционален систем за упатување помеѓу примарната, секундарната и терцијарна здравствена заштита, недостигот на постојана комуникација и соработка може сериозно да ја поткопа ефективноста на грижата за менталното здравје, испорачана на ниво на ПЗЗ.

Позитивен аспект е перманентното ставање на менталното здравје како еден од врвните приоритети на Министерството за здравство. Менталното здравје е ставено и како врвен приоритет во претпристапните преговори со Европската Унија (ЕУ), предложен од страна на Министерството за здравство како врвен приоритет во инструментите за претпристапна помош (ИПА).

Министерството за здравство дава перманентна поддршка за апликациите за нови проекти за ментално здравје во заедницата и поддржува проектни активности за поддршка на менталното здравје, во соработка со Организациите на Обединетите Нации (ООН), СЗО, УНИЦЕФ, УНДП, Светска банка итн.

## 5. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на Програмата се:

1) Здравствените установи кои ги лекуваат лицата со изречена мерка „задолжително лекување и чување“ (Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“- Скопје, Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Негорци“-Гевгелија и Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар).

2) Јавните здравствени установи кои имаат центар за ментално здравје како организациона единица и тоа 3 (три) Центри за ментално здравје на територијата на град Скопје во рамки на Јавна здравствена установа Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје, Центар за ментално здравје во рамки на Јавна здравствена установа УК за психијатрија Скопје, Центар за ментално здравје во рамки на Јавна здравствена установа КБ Тетово,

Центар за ментално здравје во рамки на Јавна здравствена установа Здравствен Дом Струмица, Центар за ментално здравје во рамки на Јавна здравствена установа ОБ Гевгелија, Центар за ментално здравје Демир Хисар во рамки на Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар и Центар за ментално здравје Прилеп во рамки на Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар.

## 6. НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

## 7. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Финансиските трошоци за обезбедување на болничка здравствена заштита на душевно болните лица со изречена мерка од суд „задолжително лекување и чување“ опфаќаат:

| ПАКЕТ:<br>Болничко лекување<br>на пациенти | Износ: |
|---|---|
| Во цената на пакетот е вклучен болнички ден за стационарни пациенти (сместување и исхрана во стандардни болнички услови, лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки и психосоцијален третман на пациентите, ординирана терапија, потрошен материјал и лабораториски услуги). | 700,00 денари |

- Финансиските трошоци за плаќање на партиципација за лекување на пациентите кои ги посетуваат центрите за ментално здравје.
- Финансиски трошоци за подмирување на неизмирените обврски за остварување на правата согласно Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2024 година.

Здравствените установи кои се извршители на активностите од оваа програма, најдоцна до 15.01.2026 година треба да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2025 година.

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во висина од 60.000.000,00 денари.

## 8. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-404/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.